**[ПОВИК ЗА НАСТАВНИЦИ]**

Наставник си во едно од средните училишта во земјава?

Сакаш да ги подобриш своите вештини за предавање и пристап кон ученици?

Сакаш да бидеш во тек со новите методологии и алатки кои се користат во образованието низ светот?

**Фондацијата Конрад Аденауер** и **LEAD** те повикуваат да аплицираш за тримесечната програма за развој на вештини на наставници. Програмата е одобрена од страна на **Министерството за образование и наука**.

**ШТО ОПФАЌА ПРОГРАМАТА?**

1. **Три дводневни тренинг МОДУЛИ**

МОДУЛ 1 – Техники и модели за комуникација и предавање (26-27 август 2019)

МОДУЛ 2 – Емоционална интелигенција, конфликти и коучинг (септември 2019)

МОДУЛ 3 – Прибирање на средства и развој на проектни апликации (октомври 2019)

2. **Практична примена на знаењето**

По завршувањето на секој МОДУЛ, секој од учесниците ќе има за задача да го примени научено во пракса во своето училиште.

3. **Рефлексија и научени лекции**

Секој наставник ќе има можност да добие индивидуален фидбек за завршените задачи меѓу модулите.

**ПО КОИ МЕТОДИ ЌЕ РАБОТИМЕ?**

Методите за работа ќе бидат базирани на неформално образование, младинска работа и искуствено учење. Ќе користиме симулациски вежби, практични примери, тимбилдинг активности, играње на улоги и кратки фокусирани презентации.

**ЗАИНТЕРЕСИРАН/А СУМ, ШТО ЌЕ СТЕКНАМ?**

- ➔ Методи за интеракција со ученици
- ➔ Вештини за водење и фасилитирање на дискусии и процеси
- ➔ Можности за користење на дигитални алатки во предавањата
- ➔ Конкретни примери и активности применливи на часовите
- ➔ Вештини за работа со различни видови на ученици
- ➔ Вештини за менторирање и пренесување на знаење
- ➔ Вештини за подготовка на проектни апликации

**КАКО ДА АПЛИЦИРАШ?**

Испрати ни твоја кратка биографија (CV) и мотивациско писмо на skopje@kas.de и/или info@lead.org.mk најдоцна до 20 август 2019 година.

**Критериумите за избор се следни:**

- Наставникот демонстрира посветеност кон својот развој
- Наставникот има силна мотивација да придонесе кон развојот на учениците и образованието
- Наставникот да биде активно ангажиран во развојот на младинското учество во училиштето или локалната заедница.

Од пристигнатите апликации ќе бидат избрани 20 кандидати, кои ќе бидат дел од тримесечната програма.

Трошоците поврзани со програмата како превоз, сместување и храна се покриени од страна на организаторите.